Ceresit

# CT 175

## SILICATE-SILICONE AQUASTATIC

## Силикатно-силиконски завршен малтер рустикална структура 2,0мм

**Декоративен тенкослоен малтер за внатрешна и надворешна употреба**

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Отпорен на валкање и оштетување
- Хидрофобен
- Ниска водовпивливост
- Отпорен на временски услови
- BioProtect формула
- Достапен во сите нијанси- Ceresit Colors of Nature




### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 175 е комбинација помеѓу силикатен и силиконски малтер. Производот е паропропусен со многу мала апсорпција на вода и отпорен е на валкање (Double Dry Technology). CT 175 се користи како тенкослоен малтер во системите за изолација, на бетонски површини, стари малтери, гипсани подлоги и иверка, гипс картон плочи и слично. Се препорачува апликацијата на CT 175 како фасаден малтер во склоп на системот Ceresit Ceretherm (ETICS-надворешен термоизолационен систем) со употреба на EPS плочи (експандиран полистирен) и минерална волна. Во случај на интензивни темни бои, апликацијата на малтерот треба да биде лимитирана на мали површини т.е архитектонски детали. CT 175 е заштитен од биолошка контаминација т.е алги, мов и габи (Bio Protect формула).

### ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

CT 175 може да се примени на рамни, носиви, суви и чисти подлоги без маснотии, битумен, прашина и други супстанции што ја намалуваат лепливоста:

- цементни и варцементни малтери (стари над 28 дена, влага ≤ 4%), бетон (не помлад од 3 месеци, влага ≤ 4%)-премачкан со основен премаз Ceresit CT 16

-Армирани слоеви со CT 80,TU/CT 190 малтери премачкани со CT 16 (старост преку 3 дена)

-Гипсани подлоги (само во внатрешни простории) со влага под 1%- прво премачкани со соновен премаз CT 17 а потоа со CT 16

-Иверка, гипс картон плочи и гипс армирани плочи (само во внатрешноста на објектите), поставени према препораката на произведувачот на плочите- прво премачкани со CT 17 па потоа со CT 16

-Јако обоените премази (само во внатрешните простории)- јаки подлоги со добро лепење за подлогата, премачкани со CT 16.

Нерамните и оштетени површини би требало првин да бидат измазнети и поправени. Постоечката прашина, слоевите кои се слабо врзани како и еластични, варови премази треба да бидат отстранети. Водовпивливи подлоги треба да бидат премачкани со основен премаз CT 17 и потоа премачкани со CT 16 во боја слична на завршниот малтер. CT 175 може да се нанесува на потполно сув CT 16. Влагата која доаѓа од подлогата може да влијае врз оштетување на малтерот, т.е би требало да се осигура адекватно заптивање на влагата во просториите со константна влага.

### НАЧИН НА УПОТРЕБА

Целата канта треба внимателно да се промеша. Доколку е потребно, може да се додаде и максимално 1% чиста вода и повторно да се измеша. Не смеат да се користат валкани и 'рѓосани алатки. CT 175 треба да се нанесе рамно на подлогата во дебелината на зрното, што значи да се нанесе со челична глетарка под агол. Густа, изедначено измазнета структура се добива со кружни потези со пластична глетарка. **Не прскајте го малтерот со вода!** Работата треба да се направи така што површината е непрекината со постојан завршен изглед. Ако има потреба да се запре работата, самолепливата лента треба да се постави по претходно обележаната линија. После тоа, треба да се нанесе малтерот, треба да се формира структурата и лентата треба да се отстрани со малтерот што останал на него. По паузата, апликацијата треба да продолжи од означеното место (работ на претходно нанесениот малтер треба да биде заштитен со самолеплива лента). Алатките и свежите дамки од малтер можат да се мијат со вода, а зацврстените делови може да се отстранат само механички. Пребојувањето може да се направи со употреба на CT 48 или CT 54.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Нанесувањето треба да се изврши во суви услови на подлога и температура на околината од + 5°C до + 25°C и влажност под 80%. Сите технички податоци се дадени за температура од + 20°C, на релативна влажност од 60%. Во други услови, треба да се земе во предвид побрзо или побавно сушење на материјалот. Овој производ не смее да се меша со други малтери, пигменти, смоли и врзива. Просториите во кои се нанесува материјалот треба да бидат вентилирани пред употреба сè додека не исчезне мирисот. Во случај на контакт со очите, исплакнете веднаш со вода и консултирајте се со општ лекар. Овој производ треба да се чува подалеку од дофатот на децата.

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Малтерот не треба да се нанесува на ѕидови изложени на директна сончева светлина за да се избегне премногу брзо сушење. Додека не се исуши целосно, неопходно е да се заштити малтерот од дожд. Се препорачува употреба на завеси за скелиња. Поради употреба на природни минерални полнила, може да има разлика во нијансата на малтерот, треба да се направи една површина со материјал од истата производна серија. Производот на различни серии и датуми на производство мора да биде хомогенизиран. За да се добие истата структура на малтер, потребно е да се обезбеди соодветен број на вработени и бројот на нивоа на количина на скелиња, т.е. да се работи на површини за работа со слоеви „влажно на влажно". Отворената канта треба да биде цврсто затворена и да се користи што е можно поскоро.

Нијансата на боја на тонираниот производ може да се разликува од примерокот на бои во тон картата т.е каталог или од претходно направен примерок. Разликата во боја dE е одредена во согласност со ISO EN 7724-1-3 и може да биде максимум од dE ≤ 2,5. За нијанси на други конкурентни тон карти или каталози на малтери, оваа разлика може да изнесува dE ≤ 3,5 . Контролата на нијансата на примерокот може да се изврши со споредување на правилно применетата и исушената фолија на затемнетиот производ во споредба со контролниот стандард од Henkel Srbija d.o.o. што се чува во фабриката. Разликата во нијансата која е последица на неправилно вградување, непрофесионално ракување со опремата за мешање, неегализација, премногу брзо или премногу бавно сушење, примена на влажна површина или вградување под несоодветни услови не може да биде предмет на рекламација.

Малтер CT 175 може да се инсталира во фасадниот систем за топлинска изолација, чија нијанса е во согласност со наведените вредности на индексот на рефлексија (%) која се наоѓа во тон картата односно наведената вредност треба да биде поголема од 25! Изведувачот е должен да направи егализација или меша една канта од материјал со другите со цел да ги намали потенцијалните разлики во нијансата на материјалот од канта до канта во примери на различни датуми на производство или различни серии на производи.

## СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци од датумот на производство ако е складиран во оргинална неоштетна амбалажа во суви услови. **Да се заштити од смрзнување! Да се заштити од директно сончево зрачење.**

## ПАКУВАЊЕ

Пластична канта од 25 кг.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | Водена дисперзија со синтетичка смола и минерални полнила и пигменти |
| Густина на припремената смеса: | 1,70±10% кг/дм$^3$ |
| Температура за работа: | од +5°C до +25°C |
| Време за обработка: | Приближно 15 минути |
| Отпорност на дожд: | Приближно 24 часа после сушењето во нормални услови |
| Паропропусност: | V1 во согласност со EN 15824:2017 |
| Водовпивливост: | W3 во склад со EN 15824:2017 W≤ 0,1[кг/м$^2$h$^{0.5}$] |
| Отпорност на удар: | Категорија I или II во согласност со ETAG 004 (во зависност од системот) |
| Водовпивливост после 24 часа: | < 0,5 кг/м$^2$ во согласност со ETAG 004 |
| Паропропусност: | $S_d$ ≤ 1,0м во согласност со ETAG 004 |
| Лепливост на меѓуслоевите после стареење: | ≥ 0,08 MPa во склад со ETAG 004 |

Отпорност на оган во согласност со EN 13501-1:
A2– s1, d0 во:
Ceresit Ceretherm Universal MW
B-s1, d0 во:
Universal EPS, Ceresit Ceretherm Popular, Ceresit Ceretherm Classic, Ceresit Ceretherm Premium, Ceresit Ceretherm Wool Classic, Ceresit Ceretherm Wool Premium
B – s2, d0 во:
Universal XPS, Ceresit Ceretherm Impactum

| | |
|---|---|
| Просечна потрошувачка зависи од рапавоста и впивливоста на подлогата: CT 175 зрно 2,0мм | од 2,5 до 2,9 кг/м$^2$ |
| VOC (Директива 2004/42/EC/2: максимална вредност за овој производ (кат.A/c): 75 г/л (2007); 40 г/л (2010)): | Овој производ содржи макс.: 17 г/л |

Овој производ ги поседува следните технички документи:
- European Technical Approval (ETA) во системите:

| Ceresit Ceretherm System | Popular | Clasic | Premium | Wool Classic | Wool Premium | Universal EPS | Universal XPS | Universal MW |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ETA | 08/0309 | 09/0014 | 08/0308 | 09/0026 | 09/0037 | 13/0535 | 13/0807 | 14/0127 |
| Сертификат | 1488-CPR -0382/Z | 1488-CPR -0439/Z | 1488-CPR -0363/Z | 1488-CPR -0440/Z | 1488-CPR -0375/Z | 1488-CPR -0457/Z | 1488-CPR -0456/Z | 1488-CPR -0362/Z |
| DoP | 00426 | 00420 | 00428 | 00424 | 00430 | 00433 | 00434 | 00435 |

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 20°C и 60% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Забележете дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој лист со податоци ги заменува сите претходни верзии.

ВЕРЗИЈА: CERESIT_C_CT175_TDS_1_0423